***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**ТИТАН УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Оператори за водење на процесот на производство**

Работното место Оператор за водење на процесот на производство претставува значајна оперативна позиција во процесот на производство на цемент, вклучувајќи подготовка на суривонско брашно, производство на клинкер и мелење на цемент. Работните обврски опфаќаат следење, контрола и поддршка на технолошките процеси поврзани со целокупниор процес на производство на цемент.

Операторот управува со технолошките процеси преку автоматизиран софтвер, при што ги следи параметрите за работа на опремата вклучена во процесот на производство на цемент. Во текот на смената врши редовни визуелни проверки на опремата и инсталациите, со цел навремено откривање и пријавување на дефекти или неправилности.

Работното место бара високо ниво на одговорност, дисциплина и придржување кон безбедносните процедури.

Работното место подразбира постојана комуникација и координација со раководителите, операторите, секторот за квалитет и погонот за одржување, со цел обезбедување сигурна, стабилна и ефикасна работа на производниот процес.

Работното време се одвива во три смени. Платата се зголемува со додатоците за сменско работење и прекувремена работа.

Компанијата дополнително обезбедува платена исхрана, како и додатоци за ноќна, празнична и прекувремена работа.

**Квалификации на кандидатите**

- ВСС, VII степен стручна подготовка, технички факултети
- Претходно работно искуство ќе се смета за предност

**Конкурентски предности на кандидатите**

Желба за работа во динамична средина
Комуникативност
Физичка подготвеност
Отворен како личност

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**

1. Мотивациско писмо
2. Биографија (CV)
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон.

Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено време.
ТИТАН УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, хендикеп, возраст, сексуална определеност, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши на веб страницата на ТИТАН УСЈЕ https://www.usje.mk во делот „Кариера/Придружете ни се“ или на mail: hr@usje.mk или да достават CV во архива во просториите на ТИТАН УСЈЕ.**

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.

Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.